SZQ-822-052_v01

О К Т А Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 0202-2298/16-2
22.04 2016 год.
Скопје 1

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Службата за интерна ревизија во 2015 година

**ОКТА АД - Скопје**
**Служба за интерна ревизија**
**Април 2016г.**

**Вовед**

Врз основа на член 415-в од Законот за трговски друштва, Службата за интерна ревизија на ОКТА АД – Скопје, ("Службата") поднесува Годишен Извештај за нејзиното работење во текот на 2015 година.

Извештајот за работењето на Службата согласно одредбите во соодветните акти, ги содржи следните информации:

- Опис на извршените ревизии на работењето на компанијата
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола
- Наоди и препораки од извршени ревизии
- Оцена на спроведувањето на препораките предложени од страна на Службата
- Оцена на реализацијата на целите поставени со Годишниот план за работа
- Информација за извршени други активности

**Опис на извршените ревизии на работењето на компанијата**

Во текот на 2015г, Службата ги реализираше активностите предвидени со Годишниот план за работа. Планираните сегменти и деловни процеси беа проверени вршејќи 6 одделни ревизии, при што бевме фокусирани на проверка на одделни процеси во секој сектор поединечно и на нашата примарната цел која се однесува на проверка на постоењето на процедури во компанијата. Воедно, Службата изврши и 6 вонредни ревизии, по барање на главниот извршен директор (ГИД) или по наша проценка. Во согласност со легислативата, Службата изврши и ревизија на процесот на заштита на личните податоци во компанијата.
Понатаму, беа извршени проверки на спроведувањето на мерките и препораките предложени од Службата во врска со наоди идентификувани во 2013г, во 2014г и во првато полугодие на 2015г.
Активностите на Службата беа реализирани од страна на 3 извршители.

**Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола**

Интерната ревизија претставува континуиран процес и се спроведува на сите нивоа во компанијата, обезбедувајќи разумно уверување за постигнувањето на следните цели: зголемување на ефикасноста на работењето на компанијата; подобрување на ефикасноста на управувањето со процесите; усогласеност на работењето на компанијата со интерните политики и со легислативата.
При евалуацијата на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола, Службата се раководеше според следните компоненти и цели:

- Процесите и активностите да бидат регулирани со интерни политики и процедури и во согласност со легислативата;
- Воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамки на процесите и активностите;
- Адекватна подршка на процесите и активностите од страна на информацискиот систем;
- Сигурни и безбедни апликативните решенија во системот со цел спречување на намерни и/или ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги ублажат ризиците на работењето;
- Воспоставениот систем за внатрешна контрола да ги идентификува можните ризици по работењето на компанијата

**Наоди и препораки од извршени ревизии**

Како резултат на спроведените ревизии, имајќи ги во предвид идентификуваните ризици, забележано е воведување на подобрувања во одделни процеси, но воедно се нотифицирани и 40 наоди, за кои се дадени

соодветни препораки. Идентификуваните наоди се препознаени како слабости и слаби контролни точки, чиешто решавање ќе ги подобри процесите и намали ризиците. Оттука, имплементацијата на дадените препораки, ќе биде предмет на понатамошни ревизии.

**Оцена на спроведувањето на препораките предложени од страна на Службата**

При реализацијата на следењето во дефинирани временски рокови на дадените препораки од првато полугодие на 2015г, констатираме дека повеќето се имплементирани, а останатите кои се во тек на реализација или незавршени остануваат да бидат предмет на понатамошно следење, заедно со една препорака од 48те дадени во периодот 2013/2014г. Резултатите од следењето ќе бидат презентирани во нашиот следен Извештај.

**Оцена на реализацијата на целите поставени со Годишниот план за работа**

Во рамки на расположивото време и ресурси, Службата во целост ги реализираше сопствените цели утврдени со Годишниот план за работа.

**Информација за извршени други активности**

Освен планираните редовни ревизии, во текот на 2015г, Службата изврши шест (6) дополнителни вонредни ревизии по барање на ГИД или по наше убедување и една (1) дополнителна ревизија во согласност со законската регулатива или вкупно седум (7).
Во текот на годината, Службата активно учествуваше со свои мислења и предлози при подготовката и ажурирањето на процедури во повеќе организациони единици на компанијата. Од оваа година, по барање на ГИД, Службата е вклучена и во постапката за вршење на попис, како надзор над активностите за време на пописот.
Дополнително, при имплементацијата на Системот за менаџмент со квалитет, Службата активно учествуваше при изготвувањето на потребната документација.
Кон крајот на годината, сите вработени во Службата поминаа специјализирана обука за интерна ревизија, одржана од PwC Скопје, со цел подобрување на знаењата и квалитетот на интерната ревизија.

**Заклучок:**

Во текот на 2015г, компанијата беше обврзана да ревидира голем број на процедури и да воведе нови, што во најголем дел се должеше на проектите за имплементација на SAP систем и на QMS,EMS и OHSAS. Истовремено, компанијата е во фаза на реализација на проектот за долно полнење и VRU. Сето ова влијаеше на воспоставениот систем на внатрешна контрола што создаде потреба од негова ревизија и ажурирање. Имајќи во предвид дека наша основна цел е да обезбедиме сигурност во ефикасноста на функционирањето на системот за внатрешна контрола, истиот останува да биде предмет на наше понатамошно следење и контролирање.

Идентификуваните слабости во тестираните сегменти на процесите во компанијата се од различна природа. Препораките се прифатени од страна на одговорните менаџери, подготвени се планови за постапување со утврдени рокови за завршување. Потврдувањето на имплементацијата на препораките ќе биде направено со нивно следење, за што информација ќе дадеме во нашиот следен извештај.
Врз основа на извршените ревизии, сметаме дека генерално компанијата ги идентификувала можните ризици и голем дел од контролите неопходни за ублажување на клучните ризици во проверените процеси се воспоставени.

Април 2016г.

Служба за интерна ревизија
Татјана Лазаревска
менаџер

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје Акционерско друштво